This Project is Funded by the European Union
Овој проект е финансиран од Европската Унија
Ky projekt financohet nga Bashkimi Europian

Cross-Border Cooperation Program
Програма за прекугранична соработка
Programi Bashkëpunimit Ndërkufitar

СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

потенцијал за развој на прекуграничните региони

СКОПЈЕ 2019

Ова резиме за јавните политики е подготвено врз основа на студијата за јавните политики, Социјалните претпријатија низ призмата на прекуграничната соработка - Република Северна Македонија и Република Албанија (Илијевски и Илоска, 2019), достапно на:https://public.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/Socijalnite-pretprijatija-niz-prizmata-na-prekugranicnata-sorabotka_Republika-Severna-Makedonija-i-Republika-Albanija-1.pdf

Овој проект е имплементиран од:

Содржината е единствена одговорност на Асоцијација за истражување, комуникации и развој „Паблик“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

Целта на ова информирање за политиката е да понуди препораки до тие што ја донесуваат политиката за спроведување соодветни мерки и стратегии за унапредување на локалниот развој преку промовирање на социјалното претприемаштво. Анализата, од една страна, дава преглед на постојните локални предизвици и можности во таргетираните региони, а, од друга страна, ги мапира капацитетите на постојните социјални претпријатија да се развиваат како одржливи бизнис-модели во решавањето на локалните предизвици.

ВОВЕД

Преструктурирањето на локалната економија е еден од најголемите предизвици на ниво на Европа, а потребата е поттикната од тековните процеси на сегрегација и од појавата на социјална исклученост. Како резултат на ова, се наметнува нова визија за локален развој, која, пред сè, е базирана врз пристап на развојна политика од локално кон национално ниво (bottom-up) (Pike, 2006: 17). Од друга страна, пак, социјалните претпријатија претставуваат модел за социјални иновации во обезбедувањето благосостојба за ранливите групи граѓани, исклучени и неразвиени територии и заедници (Spear and Hulgard, 2007).

Таргетираните региони (Југозападен, Полошки и Пелагониски) се соочуваат со многубројни предизвици на локално ниво за кои ќе биде неопходен мултисекторски пристап со цел обезбедување долгорочни и одржливи решенија. Предизвиците можат да се лоцираат на различни нивоа рангирајќи се од демографски, услови на пазарот на трудот, екосистемот за претприемаштво и заштита на животната средина. Сите овие локални предизвици, всушност, претставуваат можност за развој на социјалните претпријатија на локално ниво, кои ќе бидат водени од реалните локалните потреби и предизвици, притоа истовремено обезбедувајќи одржливост на сервисите и зголемување на ефикасноста на јавните буџетски расходи.

Од демографски аспект, најголем дел од регионите во земјава се соочуваат со стареење на населението, односно националниот индекс на стареење за 2017 година изнесува 82,8 што укажува на **потребата од развој на сервиси за стари лица**. Индексот на стареење, кој го покажува односот меѓу бројот на стари лица на возраст од 65 години и повеќе и бројот на млади лица на возраст од 0 до 14 години за 2017 година изнесува помалку од 60 за Полошкиот регион, Југозападниот регион е со повисока стапка, која се движи од 75,1 до 90, додека Пелагонискиот е со највисока стапка, која изнесува повеќе од 90 и е највисок во земјава.

Од аспект на условите на пазарот на трудот и активноста на населението, регионите што се предмет на оваа анализа се соочуваат и со висок одлив на сметка на пасивните мерки за намалување на сиромаштијата. Во оваа насока, во 2017 година, Полошкиот регион е со највисока стапка на корисници на социјална помош, каде што се идентификуваат 19,6 домаќинства корисници на социјална парична помош повозрасни од 18 години (на 1.000 население), во Пелагонискиот регион изнесува 18,5 домаќинства корисници, додека во Југозападниот бројките изнесуваат 13,6 домаќинства-корисници, во споредба со Скопскиот регион каде што стапката изнесува 11,6. Стапката на невработеност на населението на регионално ниво покажува разлики во однос на вкупната стапка на ниво на Република Северна Македонија. Стапката на невработеност на национално ниво за 2017 година изнесува 22,4, додека во Југозападниот, Полошкиот и во Пелагонискиот регион изнесува 30,5, 29,0 и 16,3, соодветно. Од урбано/рурален аспект, највисока стапка на невработеност е идентификувана во Југозападниот регион во руралниот дел и изнесува 32,8 (32,6 за мажи и 33,2 за жени). Пелагонискиот регион има релативно ниска стапка на невработеност во руралниот дел од 9,1, но и висока стапка на невработеност во урбаниот дел од 21,5. И Полошкиот дел има висока стапка на невработеност во руралниот дел од 29,7 (28,5 за мажи и 33,3 за жени). Статистичките податоци што се на располагање укажуваат на потребата мапирање на потребите на населението на регионално ниво, развој на сервиси за активација и за интеграција на пазарот на трудот на пасивното и на долгорочно невработеното население, развој на стимулативни мерки за намалување на миграцијата на младата популација, како и поттикнување на граѓаните да се самоорганизираат во социјално претпријатие со цел решавање на локалните проблеми.

Од аспект на развојот на претприемаштво, според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активни деловни субјекти во Република Северна Македонија во 2017 година изнесува 71.419. Податоците за структурата на активните деловни субјекти по региони покажуваат дека најголемо учество има Скопскиот регион со 37,7 проценти, додека Југозападниот, Полошкиот и Пелагонискиот учествуваат со 10,13 проценти; 11,36 проценти и 11,29 проценти, соодветно, при што најголем дел од субјектите се микроентитети со еден до девет вработени лица. Нивното учество, сепак, е само една третина од тоа на Скопскиот регион (37,7 проценти). Дополнителен предизвик е централизираноста на инвестициите во земјава. Гледано по региони, во вкупните инвестиции во основни средства најголемо учество има Скопскиот регион со 52,4 проценти (во 2015), додека во Југозападниот, Полошкиот и во Пелагонискиот за 2015 година изнесуваат 10,2 проценти; 6,02 проценти и 7,66 проценти, соодветно, што е речиси за петпати помалку во однос на Скопскиот. Неопходно е развој и промовирање на претприемаштвото и на претприемачката култура на локално ниво преку локални центри за претприемаштво, како и зголемена децентрализација на инвестициите во земјава. Притоа, во напорите да се промовира претприемачката култура на локално ниво, фокусот треба да биде на стартапи со силна општествена мисија.

Југозападниот регион е еден од понеразвиените региони во државата. Според податоците на Државниот завод за статистика за 2016 година, тој учествува во структурата на БДП со 8,02 процента. Според одлуката на Владата за класификација на планските региони според степенот на развиеност (2018-2023), развојниот индекс на Југозападниот регион изнесува 81,4 со што се класификува во еден од најнеразвиените, заедно со Североисточниот и со Вардарскиот. За споредба, степенот на развој е многу под индексот на Скопскиот плански регион, кој изнесува 151,0. Најголемо учество во создавањето на БДП во Југозападниот плански регион имаат индустријата и енергетиката, трговијата, хотелите, ресторените и сообраќајот, финансискиот сектор, земјоделството и рибарство и другите услужни дејности. Во овој регион се простираат само 9,59 проценти од вкупно обработливите површини во земјата на кои најмногу се произведува пченица, пченка и компир, а од овошните насади најголеми се приносите на јаболка, сливи, круши и на череши. За неговиот развој најголемо значење има туризмот, за што најголема улога имаат природните карактеристики на Охридско Езеро и културно-историското значење на охридското подрачје. Голем потенцијал за развој на оваа гранка нуди и Националниот парк „Галичица“, како и минералните и топли извори во дебарскиот крај, кои овозможуваат развој и на бањскиот туризам. Југозападниот плански регион своите перспективи за натамошен развој ги гледа во унапредување на класичниот туризам и во развивање на алтернативните форми, како што се зимскиот, здравствениот, манастирскиот, бањскиот туризам и агротуризмот, а постои и потенцијал за производство на органска храна. Самата конфигурација на теренот, вклучувајќи ги и природно-географските карактеристики и благата клима, отвораат можности за искористување на потенцијалите за развој на овоштарството. Регионот опфаќа и повеќе високи планини богати со разновидна шума, која дава можност за искористување на дрвната маса во преработувачката дрвна индустрија.

Извор: Државен завод за статистика (Регионите во Македонија, 2018 година);
Центар за развој на Југозападен плански регион
http://www.southwestregion.mk/home.aspx

МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа студија се заснова на следниве методи: 1) длабински интервјуа со претставници на четиринаесет социјални претпријатија од Југозападниот, Полошкиот и од Пелагонискиот плански регион, преку квалитативно истражување со цел подлабоко да се согледа развиеноста на нивната социјална и економска димензија, како и нивната управувачка структура, а и да се согледа средината што дава можности во земјава за нивни развој. Истражувањето беше спроведено во периодот од ноември 2017 година до мај 2018 година; и 2) Десктоп истражување за мапирање на локалните предизвици и можности во Југозападниот, Полошкиот и во Пелагонискиот плански регион.

Пелагонискиот регион е еден од поразвиените во земјава. Според податоците на Државниот завод за статистика за 2016 година учествува во структурата на БДП со 10,09 проценти. развојниот индекс на Пелагонискиот регион изнесува 91,2, со што тој не се вбројува во најмалку развиените региони, но, сепак, степенот на развој е многу под индексот на Скопскиот, кој изнесува 151,0. Столбови на економијата во регионот се: земјоделските производи, преработката на земјоделските производи, експлоатацијата на минерали, руда, како и туризмот. Пелагониската Котлина претставува најголема рамница во земјава, односно во регионот се простираат вкупно 22,37 проценти од вкупно обработливите површини на ниво на земјата. Тој е меѓу најголемите производители на пченица, тутун, компир, пиперки и јаболка. Преспанскиот езерски басен, како и специфичните климатски услови и поволната хидрографска мрежа се основни предуслови за развој на земјоделството во овој регион, кој е и најголем производител на тутун, јаболка, како и најголем производител на млеко. Истовремено, на територијата на Пелагонија се лоцирани и најголемите наоѓалишта на јаглен, па, оттаму, овој регион е и најголем производител на електрична енергија. Преспанско Езеро, Националниот парк „Пелистер“, зимскиот туристички центар Крушево претставуваат основа за развој на летниот, зимскиот и на културниот туризам.

Извор: Државен завод за статистика (Регионите во Македонија, 2018 година); Центар за развој на Пелагониски плански регион http://pelagonijaregion.mk/

Полошкиот регион спаѓа во групата понеразвиени региони во земјата со 7,1 проценти во структурата на БДП. Неговиот развоен индекс изнесува 82,4 проценти. Карактеристично е што овде живее 15,5 проценти од вкупното население (2017 година) и е еден од најгустонаселените региони со 132,9 жители на квадратен километар. Во негови рамки се простираат само 8,04 проценти од вкупно обработливите површини. Регионот е меѓу најголемите производители на пченка, компир, детелина, луцерка и ореви. Богатата хидрографска мрежа претставува голем хидроенергетски потенцијал, делумно искористен преку инсталираните хирдоцентрали на Мавровско Езеро. Вегетациските карактеристики на Полошката Котлина и на околните планини создаваат предуслови за развој на земјоделството, а особено на сточарството, по што е познат овој регион. Високиот планински терен, специфичниот релјеф и климатските услови овозможуваат овде да се лоцираат најпознатите зимски туристичко-рекреативни центри

РЕЗУЛТАТИ

Социјалните претпријатија се во фаза на развој и препознавање во таргетираните региони. Лидери во развојот и во промовирањето на секторот се активните граѓански организации, кои социјалното претприемаштво, пред сè го гледаат низ призмата на обезбедување финансиска одржливост на сервисите што ги обезбедуваат, како и во социо-економското засилување на крајните корисници. Сите анализирани ентитети, вкупно 14, се здруженија на граѓани, една половина од нив имаат свои вработени, при што бројката се движи од еден до тројца, а само во едно социјално претпријатие бројката на вработени стигнува до 16. **Најголемиот број, односно 10 од ентитетите се социјални претпријатија за работна интеграција, но дел од нив, и покрај тоа што немаат соодветни програми за интеграција**, не покажуваат свесност за потреба од нив. Соработката на овие ентитети со бизнис-секторот, институциите и со општината е незначителна и засега надворешните донаторите се нивни најголеми поддржувачи, чијашто поддршка е, главно, за проектни активности. Економските активности на анализираните социјални претпријатија се движат од изработка на домашно подготвени прехранбени и други производи, изработка на ракотворби, хотелски услуги и изнајмување соби, производство на пелети и балирање пластика. Другите ентитети, чијшто фокус не е на работно интегрирање, работат на организирање фестивали, нудење креативни решенија или обуки и превод, изнајмување опрема за превод, изработка и одржување веб-страници, изнајмување

простор. Преку истражувањето не се идентификувани регионални разлики меѓу истражуваните социјални претпријатија. Еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат е пласманот на своите производи и услуги, но може да се заклучи дека најголемиот дел од нив не обрнуваат внимание на усовршување на својот производ и услуга, не ја препознаваат ни важноста од градење бренд за своето социјално претпријатие, а во однос на рекламирањето на своите производи и услуги, главно работат стихијно. Кај повеќето организации отсуствува визионерството и долгорочното планирање на финансиската независност. Најголемиот дел од нив наведуваат дека им се потребни финансиски средства за подобро да го развијат бизнисот, но не можат до крај јасно да објаснат стратегиски како ќе го одржат својот бизнис на долг рок.

„**Солферино**“ е хотел и центар за едукација на кадри, кој функционира во рамки на Црвен крст на град Скопје. Сместен е на крајбрежјето на Охридско Езеро, во Струга, и е место каде што може да се организираат семинари, обуки, тим-билдинг активности... Основан е во 1966 година и првичната улога му била детско одморалиште, а од 2004 година неговите капацитети се наменети за хотелски услуги. По својата правна форма претставува здружение на граѓани. Приходот што „Солферино“ го остварува, меѓу другото, служи за поддршка и за развој на Црвен крст на град Скопје и на програмите и проектите што се реализираат во рамките на организацијата, а се поврзани со заедницата, односно со поддршка на стари лица, социјално ранливи категории, крводарители, деца со пречки во развојот... Процентот од вкупниот годишен обрт на ентитетот од економски активности изнесува 100 отсто. Во моментот на истражувањето, „Солферино“ има 16 лица со статус на постојано вработени, од кои една половина се ранливи граѓани.

Претпријатието, покрај професионалниот тим готвачи, келнери и рецепционери, вработува и бездомници, самохрани мајки, припадници на ЛГБТ заедницата, жени – жртви на семејно насилство, како и лица, кои не по своја волја, се нашле се на маргините на општеството.

Социјалното претпријатие набавките за овошје и за зеленчук ги прави строго од локалните земјоделци, кои се домашно произведени и, главно, органски. Вишоците храна и други продукти „Солферино“ ги донира во казнено-поправниот дом во Струга, во детските градинки, во градската болница. Остатоците од храната се собираат и се даваат на локален одгледувач на стока, а за возврат се добиваат свежо месо и млечни производи и јајца за потребите на претпријатието.

„Крушевска жена“ е модел на социјално претпријатие, чијашто цел е да се засили економската независност на жените, да се зголеми социјалната инклузија, а истовремено да се поттикне локалниот економски пораст во Крушево. Всушност, станува збор за модел базиран на здружување жени - индивидуални производителки на домашни, еколошки и традиционални производи од Крушево. Под брендот „Домашно е, од Крушево е“ со соодветни лого, етикета и атрактивна амбалажа, денес можат да се најдат повеќе од 40 различни производи. Слатко од капини, малини, аронија, шумски јагоди, сушени шумски плодови, еколошки чаеви, ликери од разни видови шумско овошје, масло од кантарион, домашни кори, тарана, разни сирупи од бор и од тревки и крушевски месени специјалитети, се само дел од богатата лепеза производи. Сè уште главни клиенти се туристите во Крушево, а промоцијата на претпријатието се одвива преку веб-страницата www.odkrusevo.mk и со учеството на саеми и на базари.

ПРЕПОРАКИ

За да се развива потенцијалот на социјалните претпријатија да одговорат на локалните предизвици и можности и да се поттикне локален, социо-економски пораст, **локалната самоуправа** во таргетираните региони **треба да:**

- Се стреми кон поставување заеднички планови и стратегии за развој на регионите во земјава, организирање заеднички настани, едукација и инвестиции во инфраструктура. Еден од приоритетите на локалната самоуправа треба да биде и промовирањето на претприемачката култура, со фокус на развој на стартапи со силна општествена мисија, кои ќе работат на решавањето локални предизвици.
- Да ги изгради сопствените капацитети за спроведување на „резервираните набавки“ предвидени во новиот Закон за јавни набавки (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019) и транспарентно да се известува за нивното спроведување и за постигнатите резултати;
- Да ја препознае улогата и капацитетот на постојните социјалните претпријатија и да развива локални стратегии за социјалните претпријатија со што ќе се постигне побрза демократизација на локално ниво, заедно со економски пораст, кој е базиран на принципите на солидарност и на партиципативност;
- Да развива стратегии за локален економски развој, кои ги препознаваат социјалните претпријатија како интегрален и значаен дел од локалната економија и како механизам за постигнување одржлив развој што се базира на Глобалните цели за одржлив развој;

Бидејќи, социјалното претприемаштво е сектор што е во развој во земјава и неговиот капацитет сè уште останува непрепознаен и неискористен во поттикнувањето на локалниот социо-економски пораст, **креаторите на јавната политика треба да:**

- Ги изградат капацитетите на центрите на планските региони за да ги препознаваат улогата и капацитетите на социјалните претпријатија во спроведувањето на целите и на начелата предвидени во Законот за рамномерен регионален развој;
- Да поттикнат партнерството и вмрежувањето на локално ниво, општина и социјални претпријатија во одреден регион;
- Овозможат партиципативен развој на новата стратегија за рамномерен регионален развој со вклучување на сите засегнати страни, меѓу кои и претставниците на социјалните претпријатија и нивните корисници. Истовремено, стратегијата треба да ја препознае социјалната економија како механизам за трансформација на локалната економија. Стратегијата треба да биде придружена со јасен акциски план, вклучувајќи и план за мониторинг и за евалуација. Првата стратегија за рамномерен регионален развој се однесува на периодот 2009 - 2019 година, меѓутоа досега не се објавени извештаи за напредокот на спроведувањето на стратегијата;
- Давање приоритет на рамномерниот регионален развој во јавната политика.

За социјалните претпријатија:

- Да се здружуваат во мрежи во планските регион во зависност од областа на дејствување и заеднички да излегуваат на пазарот;
- Да развиваат услуги во општествени сфери (како услуги за стари лица, сервиси за унапредување на вработливоста на ранливи категории граѓани) каде што има неопходност и простор за приватни даватели на социјални услуги;
- Да се охрабрат за користење финансиски инструменти (активни мерки, кредити) што се адаптирани на условите на дејствување на СП во земјата;
- Да се поттикнат на размена на искуство со бизнис-секторот во однос на бизнис-планирање, брендирање, освојување пазари, градење производи и услуги;
- Да се поттикне меѓусебно партнерство на СП, традиционалниот бизнис и на општината во развој на иновации.





public

RESEARCH • COMMUNICATIONS • DEVELOPMENT

public.org.mk